УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ,,СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН"
QENDRA KLINIKE UNIVERZITARE E STOMATOLOGJISË "SHËN PANTELEJMON"
UNIVERSITY DENTAL CLINICAL CENTER "ST. PANTELEJMON"

Врз основа на член 2 од Правилникот за прием на стажанти во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Свети Пантелејмон" Скопје бр. 02-2295/4 од 25.11.2011 година и Правилникот за прием на стажанти на во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички ,, Свети Пантелејмон" Скопје бр. 02-1702/3-2 од 02.09.2022 година, вд.директорот на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Свети Пантелејмон" Скопје на ден **04.09.2025** година објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**За прием на стажанти во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Свети Пантелејмон" Скопје**

1. Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје, на ден **04.09.2025** година објавува ЈАВЕН ОГЛАС за прием на 60 стажанти по следните специјалности:

   1.1 **За здравствени работници чиј стаж трае 1( една) година**:
   - детска и превентивна стоматологија,
   - стоматолошка протетика,
   - болести на забите и ендодонтот,
   - болести на устата и пародонтот,
   - орална хирургија,
   - ортопедија на вилици (ортодонција).

   ***Напомена: Социјална медицина се обавува во Министерството за здравство.***

   1.2 **За здравствени работници чиј стаж трае 6 (шест ) месеци**:
   - детска и превентивна стоматологија,
   - фиксна стоматолошка протетика,
   - мобилна стоматолошка протетика,
   - орална хирургија,
   - болести на забите и ендодонтот,
   - болести на устата и пародонтот.

2. Вкупното времетраење за обавување на стажот е:

   - За здравствени работници чиј стаж трае 1 (една) година изнесува 365 дена.
   - За здравствени работници чиј стаж трае 6( шест) месеци изнесува 180 дена.

3. Кандидатите кои ќе се пријават на Јавниот Оглас треба да го исполнуваат следниот услов:

   - Завршен Стоматолошки факултет.

4. Кандидатите кои ќе се пријават на Јавниот Оглас, треба да достават:

   - молба,
   - уверение за завршен Стоматолошки факултет во оригинал или копија заверена на нотар,
   - фотографија за изработување на легитимација.

+38923299000 contact@univdentalclinic.org.mk www.univdentalclinic.org.mk
Мајка Тереза 17,1000 Скопје Р.Северна Македонија | NënëTereza 17,1000 Shkup R.e Maqedonisë së Veriut | MotherTeresa 17,1000 Skopje R.of North Macedonia

**5.** Молбите со потребните документи се доставуваат во архивата на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар,, Свети Пантелејмон" Скопје, секој работен ден од 8:00 часот до 14:30 часот.

**6**. Стажот ќе отпочне да се обавува од **23.10.2025** година.

**7.** Стажантите стажот ќе го обавуваат во просториите на наменети за здравствена дејност.

**8**. Стажантите можат да укажуват здравствена заштита од областа на стоматологијата само под надзор на ментор - лекар специјалист, кој е вработен со полно работно време во кој е вработен ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Свети Пантелејмон" Скопје .

**9.** Трошоците за стажирање изнесуваат **9.300,00** денари.

**10.** Рокот за пријавување на кандидатите за обавување на стаж е **15 (петнаесет)** дена од денот на објавување на Огласот на Огласната табла и ВЕБ страната на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар,, Свети Пантелејмон" Скопје.

**11**. Изборот на примените кандидати ќе се изврши во рок од **15 (петнаесет)** дена по истекот на рокот за пријавување.

**12**. Избраните кандидати ќе бидат објавени на Огласната табла и на ВЕБ старaната на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

**13.** Избраните кандидати се должни во **рок од 7 дена од изборот да извршат уплата** на трошоците за стажирање на жиро сметка: Трезор на ФЗОМ – **100000000066005**; Буџетски корисник – **660250000353194**; Приходно конто – **725939** –програма **00** и да достават стажантска книшка со фотографија.

**14.** Кандидатите кои нема да извршат уплата во утврдениот рок и нема да достават комплетна документација, нема да бидат примени на стажирање.

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР**

**СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН СКОПЈЕ**